2. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Вид на планот, назив на подрачјето на проектниот опфат

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана, со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица, Општина Ново Село се изработува врз основа на член 58, став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020) и член 62 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.225/20, 219/21 и 104/22) во однос на содржината.

Проектниот опфат зафаќа површина од 6,3 ха или 63283,01 м2 и административно влегува во границите на Општина Ново Село и е во целост неурбанизирано и неизградено земјиште составено од катастарски култури - „ниви“. Површината на проектниот опфат согласно одобрената Проектна програма со Потврда за одобрување бр.21-3199/7 од 23.09.2022 година, изнесува 6,4 ха или 64487,45 м2 и истата се разликува од површината на проектниот опфат во овој урбанистички план поради нерешени имотно правни односи на сопствениците на земјиштето, и со таа цел се исфрла од опфат катастарската парцела КП 4105 и проектниот опфат се намалува.

Го карактеризира добра сообраќајна поврзаност со мрежата на државни патишта на Република Северна Македонија. Во непосредна близина на проектниот опфат минува регионалниот пат со ознака Р1302 (Делчево-врска со А3-Пехчево-Берово-Дабиле-врска со А4).

Проектниот офат е во непосредна близина на селото Сушица, односно се наоѓа јужно од него. Директен пристап е обезбеден од КП 5614 со катастарска култура „јавен пат“ која тангира со источната граница на проектниот опфат и воедно го поврзува проектниот опфат со селото Сушица, како и преку КП 5613 со катастарска култура „јавен пат“ која тангира со западната граница на проектниот опфат.

Границите на проектниот опфат се совпаѓаат со следните катастарски парцели и природни и создадени зададености на теренот во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.225/20, 219/21 и 104/22):

На север границата на проектниот опфат се совпаѓа со северните граници на КП 3796, кратко скршнува по источната страна на КП 3796 па продолжува по северен правец по КП 3931, скршнува по западната граница на КП 3806 и повторно продолжува по северната граница на КП 3806 и КП 3807, КО Сушица. Скршнува по источната граница на КП 3807,

па се движи по нејзините кранци и продолжува по западните граници на КП 3810 и КП 3809 и продолжува во северен правец по северната граница на КП 3809. На исток границата се совпаѓа со осовината на остојниот земјен пат, па скршнува по јужен правец, по јужната граница на КП 3940, КП 3941, КП 3942, КП 3943, КП 3939, КП 3944 за повторно да скршне јужно по источната граница на КП 4124 па се движи по границите на КП 4123 до источната и јужната граница на КП 4111). Западната граница се движи по западната граница на КП 4111, КП 4110, КП4109/3, КП 4109/2 и КП 4109/1, па се движи по западната и северната граница на КП 4108, и продолжува по северната граница на КП 3945, КП 3944 и КП 3939, па скршнува по северен правец по западните граници на КП 3939 и КП 3936 па продолжува по јужните граници на КП 3928, КП 3933 па по границата на постојниот земјен пат продолжува по јужната граница на КП 4106 па се движи по осовината на постојниот земјен пат до северната граница на КП 4106, па скрчнува по северен правец по западната граница на КП 4113 за да скршне повторно по западен правец по јужната граница на КП 4104 и продолжува по осовината на постојниот земјен пат се до почетната точка.

На овој начин е формирана полигонална затворена линија со прекршочни точки со следните координати:

2. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежната парцела

Проектниот концепт се заснова на Условите за планирање на просторот за изградба на градби за произвоодство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана (ГП 2), КО Сушица, општина Ново Село, од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. У24222 од јули 2022 година и Решение за услови за планирање на просторот бр.УП1-15 1385/22 од 29.07.2022 година, издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање, кои содржат општи и посебни услови, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилози од Просторниот план како највисок стратешки, интегрален и долгорочен развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената како и уредувањето и користењето на просторот. Проектниот концепт е изготвен врз основа на заверена **Проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намени Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори –**

фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1MW , КО Сушица, о.Ново село со тех.бр.02-05/2022 од август 2022 година со **Потврда за одобрување бр.21-3199/7 од 23.09.2022 година**, обезбедени податоци и информации од државните органи, институции,установи и правни лица кои вршат јавни овластувања и кои се прилог на документационата основа. Проектниот концепт е исто така условен со мерките за заштита на животната средина и природата, заштита на културното наследство, заштитата и спасувањето, мерките за заштита на почвата и подземните води и тн.

Основна цел на оваа планска документација е преку:

- рационално уредување и искористување на просторот;
- оддржлив развој;
- подигнување на хуманоста во просторот и надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;
- заштита и унапредување на животната средина и природата;
- заштита на недвижното културно наследство;
- заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии (заштита и спасување);
- јавност во постапката за донесување и спроведување на проектот;
- вградување комплементарни содржини на основната наменска употреба на земјиштето и
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и уредувањето на просторот и останатите релевантни области да се определат урбанистички и архитектонски решенија и да се уредат параметри за реализиција на планираните градби во градежна парцела, да се дефинира основната класа на намена, комплементарните класи на намена на основната класа на намена, како и начините на употреба на земјиштето.

Согласно наведеното, во рамки на предметниот проектен опфат со површина од 6,3 ха, формирана е една градежна парцела, со вкупна површина од 61,889.65m^2 и класа на намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана. Во согласност со одобрената проектна програма, како комплементарна класа на намена, односно намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена се предвидува трансформаторска станица со електрична сила од 2750 KB и други

комплементарни намени опишани детално во идејниот проект како составен дел на овој урбанистички проект.
Во проектниот опфат, предмет на овој урбанистички проект не се предвидуваат компатибилни класи на намени.

Во градежната парцела се предвидува рамковна површина за градба од **54,382.33m²**, во рамките на која пак се предвидува максимална површина за градба од **48010.11m²**. Во делот на максималната височина за градење определена е височина од **4.00m**.

Просторна диспозиција и организација на сите градби од комплексот кој е предвиден во планскиот дел на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана, со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица, Општина Ново Село е детално разработена и прецизно дефинирана во проектниот дел на овој урбанистички проект.

3. Мерки за заштита

3.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Согласно **Условите за планирање на просторот за изградба на градби за произвоодство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана (ГП 2), КО Сушица, општина Ново Село, од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. У24222 од јули 2022 година и Решение за услови за планирање на просторот бр.УП1-15 1385/22 од 29.07.2022 година и** податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Сушица, има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети. При изработка на проектната документација потребно е да се утврди точната локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветни плански мерки за заштита.

Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

По поднесено барање за издавање податоци и информации, не е обезбеден одговор во законски предвидениот рок од Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство.

3.2. Мерки за заштита на животна средина и природата

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото

планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Изградбата на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

Законска регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е:

• Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
• Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. Весник на РМ бр. 100/12, 163/13, 10/15, 146/15);
• Закон за управување со отпадот (Сл. Весник на РМ бр. 9/11, 51/11,123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
• Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
• Закон за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
• Закон за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
• Уредба за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99 и 146/15);
• Закон за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);

Согласно Условите за планирање на просторот за изградба на градби за произвоодство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана (ГП 2), КО Сушица, општина Ново Село, од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. У24222 од јули 2022 година нема евидентирано ниту регистрирано природно наследство.

Доколку при изработка на планската документација или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследствокое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство.

По поднесено барање за издавање податоци и информации, не е обезбеден одговор во законски предвидениот рок од Министерството за животна средина и просторно планирање.

3.3. Заштита на почвата и подземните води

При изградба на содржините во склоп на проектниот опфат, да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува отстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и отстранување на поголема количина на почва. При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.

Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата, како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.

Во смисол на заштита на подземните води се предвидува:

• Заштита на проточните и подземните води има приоритети со соодветно техничко технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадни води, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и др.)

Согласно Условите за планирање на просторот за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана (ГП 2), КО Сушица, општина Ново Село, од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. У24222 од јули 2022

година и Решение за услови за планирање на просторот бр.УП1-15 1385/22 од 29.07.2022 година, за наводнување на обработливите површини во ВП „Струмичко Радовишко“ изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 18.432 ха, а се предвидува проширување за нови 8.300 ха. При изработка на урбанистичкиот проект да се утврди местоположбата на постоечката и планирана инфраструктура за навонување и соодветно на тоа да се предвидат мерки, согласно законската регулатива за нивна заштита и непречено функционирање.

По поднесено барање за издавање податоци и информации, обезбеден е одговор од АД за Водостопанство на РСМ – Скопје, бр.11-1368/2 од 13.06.2022 година, како надлежно претпријатие кое стопанисува со наведената инфраструктура, како и податоци од АД Водостопанство на РСМ – Скопје, Подружница Струмичко поле – Струмица, како и од инвентаризацијата направена на ниво на опфат, низ проектниот опфат поминува траса на подземен цевководот Л29 од ХЦ „ТУРИЈА“, кој треба да добие проектен третман со 3 м заштитен коридор за одржување и сервисирање на истиот, лево и десно од него.

3.4. Заштита од бучава

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајниците треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси по должина на тие сообраќајници и формирање на зелени коридори.

Со реализација на предметниот урбанистички проект, предвидено е да се обезбеди најмалку 20% зеленило во склоп на предметната градежна парцела, согласно Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр. 11/18).

3.5. Заштита на воздухот

Неопходно е при планирањето на просторот да се води сметка за изворите на загадување, воспоставување на зони на санитарна заштита и континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Со реализација на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план не се очекува значителна концентрација на возила кои би влијаеле на зголемување на концентрацијата на присутни

честици во воздухот. Сепак нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности задозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. Весник на РМ бр.141/10).

3.6. Управување со отпадот

Согласно со член 7 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ, бр.09/11-пречистен текст и бр.51/11, 123/12, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарни суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани и мала количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија. По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со Урбанистичкиот проект потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоцитеза отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

По периодот на изградба на фотоволтаичната електрана, не се очекува создавање на отпад на локацијата.

3.7. Мерки за заштита и спасување

Во тек на постапката за изработување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за за ГП 5 со намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана, со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица, Општина Ново Село обезбедени се податоци и информации од **Дирекцијата за заштита и спасување – Подрачно одделение, бр.09-188/2 од 25.05.2022 година**, во кои се упатува на потреба од вградување на одредби од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12).

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

• изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
• вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
• уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
• воспоставување на организација и системи потребни за заштита и спасување;

- обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзинидеривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоенаметалургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност, како и при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите ипри изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владатаго уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува: изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита, како и изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:
- засолнување;
- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;
- заштита и спасување од техничко- технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:
- евакуација;
- згрижување на загрозеното и настраданото население;
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- прва медицинска помош;
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;

• заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
• асанација на теренот.

3.8. Урбанистичко-технички мерки

3.8.1 Засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошкохидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите.

При опасност засолништето мора да се доведе во функција за основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето.

Одржувањето, сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атестирањето го вршат трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, кои

што имаат вработени лица со лиценца за вршање на таква дејност согласно со закон.

Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени.

Засолништата и другите заштитни објекти можат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција.

Засолништата другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништата и другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата.

Издавањето на засолништата другите заштитни објекти под закуп се врши согласно созакон. Дирекцијата води евиденција заизградените засолништа и другите заштитни објекти. Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другите заштитни објектиго пропишува директорот на Дирекцијата.

3.8.2 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на загрозените и настраданите, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Согласно заклучните согледувања од Условите за планирање на просторот, за наводнување на обработливите површини во ВП „Струмичко Радовишко“ изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 18.432 ха, а се предвидува проширување за нови 8.300 ха. При изработка на урбанистичкиот проект да се утврди местоположбата на постоечката и планирана инфраструктура за навонување и соодветно на тоа да се предвидат мерки, согласно законската регулатива за нивна заштита и непречено функционирање.

При изработка на Урбанистичката Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

3.8.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштиита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,

• со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од најмалку 3 страни,
• внатрешните сообраќајни површини се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
• инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,
• самиот инвеститор согласно Закон треба да обезбеди потребна противпожарна опрема.
• Во просторот, предмет на урбанистичкиот проект, потребно е да се изготви проект за хидрантска мрежа за надворешни и внатрешни пожарни хидранти за гасење на пожарот што би ги зафатиле градбите.

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Со понатамошна разработка на градбите утврдени со урбанистичкиот проект преку основни проекти, задолжително да се планира изведба на внатрешна и надворешна мрежа согласно Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари (Сл. весник на РМ бр. 26/18).

- ***Надворешна хидрантска мрежа***

Согласно горенаведениот правилник се утврдува потребата од изведба на надворешна хидрантска мрежа како прстенест систем на цевководи. Растојанието помеѓу два соседни надворешни хидранти да се определи во зависност од намената, големината и од слични карактеристики на објектот, со тоа што пожарот на секој објект може да се гасне со најмалку два надворешни хидранта. Дозволеното растојание меѓу два соседни надворешни хидранта треба да изнесува најмногу 80м.

Растојанието на хидрантот од ѕидот на објектот да изнесува најмалку 5м, а најмногу 80м. Околу објектот што се штити од пожар да се поставуват надземни хидранти, а ако надземните хидранти го попречуваат сообраќајот, да се поставуват подземни хидранти. Хидрантите треба да бидат лесно достапни и постојано подготвени за употреба и да се означат со таблица со запишано растојание од ознаката до местото на кое се наоѓа хидрантот. Според протоколот што треба да се оствари, се вградуваат хидранти од Но 80 или од Но 100. Хидрантите треба да бидат поставени и заштитени да се спречи нивно замрзнување или оштетување. Цевките на разводниот цевковод во мрежата на хидрантите и цевките за одделен хидрант треба да имаат пречник не помал од 100мм. Потребниот притисок во надворешната хидрантска мрежа, не треба да биде помал од 2,5 bar. Ако надворешната хидрантска мрежа располага со доволна количина вода, а притисокот не е доволен, треба да се вгради уред за зголемување на притисокот на водата, при што пумпата треба да го обезбеди потребниот притисок, кој на местото на потрошувачката изнесува најмалку 2,5 bar. Во непосредна близина на хидрантот, предвиден за непосредно гаснење на пожар, да се постави ормар за сместување на цревата, млазникот, клучот и другата потребна опрема. Бројот на црева со стандардна должина се определува во зависност од оддалеченоста на хидрантот од објектот како и според потребите за интервенција од надворешната страна на објектот.

- ***Внатрешна хидрантска мрежа***

За внатрешната хидрантска мрежа се употребуваат цевки со најмал внатрешен пречник од 52мм, односно хидрантски приклучок со најмал внатрешен пречник од 52мм од типот С, според македонскиотстандард МКС Б.6.673. Цевките за внатрешната хидрантска мрежа не се поставуваат низ простории загрозени од пожар. Во поголемите простории цевките за внатрешна хидрантска мрежа можат да се поставуваат и покрај внатрешните столбови на објектот. Меѓусебното растојание на хидрантите се определува така што целокупниотпростор што се штити се покрива со млаз вода, при што се води сметказа тоа должината на цревата да изнесува 15м, а должината на компактниот млаз 5м. Хидрантите се сместуваат во премини, скалишнипростории и патишта за евакуација, во непосредна близина на влезните врати на просториите што можат да бидат загрозени од пожар, со услов да не ја попречуваат евакуацијата. Во хидрантскиот ормар се

поставува пожарникарско црево со номинален пречник од 52мм со млазник со пречник 12мм, и универзален клуч за пожарникарски спојки.

Во понатамошната разработка на објектите со основни проекти, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења (Сл. Весник на РМ бр. 101/00).

Заштитата на градбите, помеѓу другото, поволно и прописно е да биде преку:

- Правилен избор на вградените материјали и применети конструкции;

- Вградување противпожарни пречки (член 54 став 1 алинеја 4 од Законот за заштита и спасување Сл.весник на РМ бр.93/12-Пречистен текст41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18);

- Вградување на соодветна хидрантска мрежа.

При изработката на урбанистичкиот проект и негово спроведување да се почитува Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16,152/19) Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр 99/17, 143/17, 243/17 и 243/18 со важност од 01.10.2020год.), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. Весник на РМ бр. 105/05), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележувања и достапност за употреба (Сл. Весник на РМ бр. 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се

изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

При изработката на понатамошна проектна документација, потребно е да се изготви посебен Проект за заштита од пожари и да се прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, согласно Упатството за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр.139/10).

Обезбедување на хидрантска вода ќе биде остварено преку зафаќање на санитарната вода и тоа со инсталација на надворешна хидрантска мрежа, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со основен проект.

Согласноста ја издава Дирекцијата за заштита и спасување.

Во случај на непогоди од пожар, како метод на гаснење и заштита од пожари на објектите во овој урбанистички проект се планира да се користат CO2 системи кои го гасат пожарот преку намалување на куслородот во просторот, а истовремено ги разредува и пареите или гасовите кои овозможуваат горење со пламен.

3.8.4 Зони на опасност и од избувнување на пожар, експлозија

Места загрозени од експлозивни смеси претставуваат зони на опасност. Зони на опасност се сметаат сите места, отворен простор и внатрешни простории, каде што постојат или можат да се појават запаливи гасови, пареи на запаливи течности и ситни честички од запалива прашина во соодветна смеша во воздухот, истите сеодредени спрема:

- основните карактеристики на запаливите течности,
- можност за создавање на експлозивни смеси на запалните гасови со воздухот,
- одалеченост мерена по најкраток пат по кој запалните гасови можат да се шират на отворен простор (имајќи во предвид дека овие гасови се потешки од воздухот).

3.8.5 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неекслодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт

до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети горенаведените услови уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на предходно определени и уредени места за таа намена. Соодветно, при превземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита.

3.8.6 Заштита и спасување од урнатини

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

Просторот кој е предмет на анализа има потреба од примена на соодветни мерки за штита, односно задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбите да се градат според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во рамки на проектниот опфат, заштитата од урнатините ќе се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал, релативно помали тежини и соодветни конструктивни системи.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини,нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Согласно Условите за планирање на просторот, проектниот опфат се наоѓа во подрачје каде што се можни потреси од 8° по Меркалиј-Канцани Зиберг, па во склад со овие бројки треба да се

предвидат и конкретни мерки за отпорноста на градбите и инсталациите.

Проектното решение во Урбанистичкиот проект е изработено врз основа на утврдениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Односно, во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, проектното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла),
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила,
- непречена интервенција,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи. Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на понатамошната проектна документација.

3.8.7 Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко - технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и остранување на предизвиканите последици.

3.8.8 Спасување од сообраќајни несреќи

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета.

Оперативните мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица, укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

3.9. Хуманитарни мерки

3.9.1 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одреденовреме. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.

Општина на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

3.9.2 Згрижување на настрадано и загрозено население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загроженост се задржува надвор од своетоместо на живеење.

Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

3.9.3 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуаат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средсва, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Дополнително доколку производниот процес вклучува употреба на опасни материи, при понатаможната разработка на парцелата, потребно е да се планираат и можни локации за складирање и депонирање на опасните материи.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Согласно Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат

за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

3.9.4 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош, зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника.

3.9.5 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, и други несреќи.

Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

3.9.6 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфака превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

3.9.7 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здрав ето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

3.9.8 Свлекување на земјиштето

Со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, па следствено при изработка на основен проект потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

4. УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

4.1 Проектен опфат

Регулацијата на градежното земјиште односно неговото создавање по пат на зафаќање и ограничување на подрачјето од други видови на земјишта, како и неговото одделување и пренаменување од другите видови на земјиште во градежно земјиште (нулта поделба на градежно земјиште) се врши со линиската планска одредба - граница на проектен опфат.

Во согласност со одобрената **Проектна програма за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана, со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица, Општина Ново Село со Потврда за одобрување бр.21-3199/7 од 23.09.2022 година се определува проектен опфат со површина од од 6,4 ха**, и истата се разликува од површината на проектниот опфат во овој урбанистички план поради нерешени имотно правни односи на сопствениците на земјиштето, и со таа цел се исфрла од опфат катастарската парцела КП 4105 и проектниот опфат се намалува. Планскиот опфат со границите е опишан во точка 1 од планската документација на овој урбанистички проект. Проектниот опфат зафаќа површина од **6,3ха или 63283,01m²** и административно

влегува во границите на Општина Ново Село и е во целост неурбанизирано и неизградено земјиште составено од катастарски култури - „ниви“.

4.2 Класа на намена

Со овој урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, а во согласност со одобрената Проектна програма се определува класа на намена намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана, со капацитет поголем од 1MW и комплементарни намени кои служат исклучиво за функционирање на основната намена, односно трансформаторска станица и други комплементарни намени опишани детално во идејниот проект како составен дел на овој урбанистички проект.

4.3 Регулаторни линии - регулациона линија, граница на градежна парцела

Регулаторни линии се регулациона линија, граница на градежна парцела и градежна линија. Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.
Во графичките прилози означена е регулационата линија со полна зелена линија со дебелина од 0,75mm и истата целосно се поклопува со границата на градежната парцела кон коридор.

Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели. Во графичките прилози границата на градежна парцела е означена со полна зелена линија со дебелина од 0,5mm.

При определување на гардежната парцела исполнети се исполнети се основните услови кои еден ограничен дел градежно земјиште треба да ги исполни за да се оформи во градежна парцела се, односно градежната парцела се наоѓа непосредно до земјиште за општа употреба изведено или испланирано како сообраќајна инфраструктура и истата да може непречено да се пристапува и во неа може самостојно и поединечно да се гради, употребува и одржува планираната градба согласно нејзината намена. Исто така градежната парцела има димензии и форма кои соодветствуваат со намената на земјиштето и градбите, видот и густината на градбите и начинот на нивното користење.

Согласно условите наведени погоре во Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се оформува **градежна парцела** означена и нумерирана како **ГП 2**, со површина од **61.889,65 m²**.

Градежна линија е граница на површината за градење внатре во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбите може да се градат. Во графичките прилози градежната линија е означена со полна црна линија со дебелина од 0,5mm и ознака „**ГЛ**“ во истата боја.

Со градежна линија во урбанистички план се утврдуваат урбанистичките параметри и условите за градење на идна градба.

Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се одредува површината од градежно земјиште односно делот од градежната парцела кој се предвидува за градење на градба Комплексните градби составени од повеќе површини за градење или комплексите што содржат повеќе градби во една градежна парцела, по правило се уредуваат во две фази:

- во првата фаза, односно во планскиот дел на урбанистичкиот проект се одредува поголема рамковна површина за градење и се одредува процент на изграденост на земјиштето како планска одредба што квантитативно ја ограничува површината за градење која ќе се дефинира во урбанистички проект, и
- во втората фаза рамковната површина за градење се разработува во урбанистички проект во кој се одредува точната површина за градење, како и нејзината големина и форма.

Со планскиот дел на предметниот урбанистички проект се дефинира рамковна површина за градење во градежната парцела на начин прикажан во графичките прилози. **Максималната површина за градење изнесува 54,382.33 m²**. Графички определената градежната линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на зададените елементи од архитектонската пластика на градбите.

4.4 Партер, оградување на градежна парцела и озеленување

Дворното место во градежната парцела односно површината на парцелата која преостанува вон површината за градење и служи за правилно функционирање на градбата согласно нејзината намена, може да се уреди со проектна докумнетација.

Во процесот на изработување и спроведување и урбанистички проект се почитуваат следните принципи на одведување на атмосферските односно површинските води од градежна парцела:

1. Во планот или проектот површинските води во градежната парцела мораат да се водат со риголи или со цевковод кон пристапната улица со наклон што не е помал од 1,5%.
2. Во проектот треба да се планираат наклоните на земјиштето и внатрешните сообраќајници на тој начин што нема да ги водат или усмеруваат површинските води од една градежна парцела кон соседна градежна парцела.

Оградувањето на градежната парцела може да биде:

- со транспарентна ограда со вкупна висина од 1,20 м до 2,00 м со можност за изведба на ѕидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м или со
- со транспарентна ограда со вкупна висина од 2,40 м со можност за изведба на ѕидан дел до висина од 1,80 м, за индустриски и други деловни намени,
- со ѕидана ограда со висина до 2,40 м за градежни парцели кадешто обезбедувањето на поголем степен на сигурност е програмско барање.

Неизграденото простор се предвидува да се уреди со ниско и високо зеленило, но да се внимава при поставувањето на високото зеленило во врска со осенчаноста со оглед на природата на проектираната намена. Согласно Член 20 од Законот за урбано зеленило (СЛ. Весник на РМ бр.11/18 и 42/20) потребно е да се обезбеди најмалку 20% зеленило на ниво на терен и под кое нема градба. Во проектниот опфат обезбедено е 20% зеленило односно зафаќа површина од 12,23 ха од планскиот опфат.

4.5 Урбанистички параметри за уредување на изграденост - процент на изграденост и коефициент на искористеност

Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која во урбанистички план ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.

Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината за градење и вкупната површина на градежното земјиште на градежната парцела изразен во процент.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште вопресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

Вкупна изградена површина се пресметува со собирање на сите подни површини на сите надземни катови на градбата, вклучувајќи ги и потпокривните катови, како и сутеренските катови односно катовите под нивото на приземјието. Во вкупната изградена површина не се пресметуваат површините на отворените делови од зградата:наткриени и отворени тераси, балкони, лоѓии, натстреи, тремови, надворешни скали и пристапни рампи. Процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето не се употребуваат како планска одредба на ниво на градежна парцела во кои со планскиодредби се дефинирани градежните парцели, градежните линии и површините за градење, максималната височина на градбите и други плански одредби што го дефинираат габаритот на планираната градба, освен за рамковните површини за градење што служат заразработување со урбанистички проект во процесот на спроведувањена планот.

Во насока на претходно наведеното со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана, со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица, Општина Ново Село за дефинираната рамковна површина за градење се определуваат следните урбанистички параметри за уредување на изграденост:

- процент на изграденост кој изнесува **77.57 %** и
- коефициент на искористеност кој изнесува **K = 0.78**

4.6 Најголема дозволена височина на градењето, висина на слеме и висина на нулта плоча

Максималната височина на градбата во урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се изразува како:

1. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, и/или
2. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и највисоката кота на градбата изразена во должни метри.

Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап.

Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден ѕид од градбата поставен на градежната линија од страната на лицето на градежната парцела.

Висинската кота на тротоарот се уредува во нивелманскиот план кој е графички прилог на урбанистичкиот план и се изразува како кота на надморска височина во случаи на планирани сообраќајници, а во случаи на изведени сообраќајници висинската кота се одмерува од изведениот тротоар.

Максималната височина на градбата изразена во должни метри може но не мора да се надополнува со планска одредба која го одредува или го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредената максимална височина на градбата. Доколку максималната височина се одредува како вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри таа треба да се дополни со планска одредба за максимална височина на слемето на кровот.

Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана, со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица, Општина Ново Село се определува максимална височина од **4.00m** и катност од **П (приземје)**.

4.7 Вид на покрив

Во дозволената височина на слемето можно е формирање на повеќе типови на покриви од кои најчести се косите, рамните и мансардните покриви. Во согласност со планираната класа на намена со овој урбанистички проект не се утврдуваат услови за вид на покрив.

4.8 Паркирање

Паркинг место е правоаголна површина што служи за стационирање односно мирување на моторно возило со димензии, простор за пристап, маневрирање и пристапна сообраќајница или рампа кои соодветствуваат со меродавниот габарит на возилото. Паркинг местата за моторциклите, велосипедите со мотор, како и за велосипедите се планираат заедно со паркинг местата за моторни возила, при што во површината на едно стандардно паркинг место за возило се пресметуваат 2 места за моторцикли, 6 места за велосипеди со мотор и 8 – 10 места за велосипед.

Паркинг местата за велосипеди можат да бидат дел од паркинг просторот за моторниот сационарен сообраќај, дел од посебно проширениот простор во состав на површините за велосипедски сообраќај или дел од пешачкиот простор.

Начинот на пресметување на неопходниот или потребниот број паркинг места за секоја градба според нејзината намена илиголемина се утврдува како планска одредба во урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.

Во проектниот опфат се предвидени 4 паркинг места за моторни возила. Како тип на паркиралишта со овој урбанистички проект, а соодветно на намената се определуваат паркиралишта во подрачја и градби со групи на класи на намени Е-инфраструктура, односно потребниот број паркинг места се утврдува во зависност од конкретната намена на градбата, бројот и структурата на вработени, бројот, фреквенцијата и структурата на корисниците, степенот на моторизација, постоењето и капацитетот на јавен превоз, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален, за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата, како и за посетителите и корисниците на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела, и/или на соседна градежна парцела и/или на земјиште за општа употреба.

4.9 Внатрешни сообраќајници

Во проектниот опфат се предвидени две пристапни улици и тоа од запад, кои обезбедуваат пристап до површините за градба. Елементите на сообраќајот во рамките на градежната парцела се определуваат во урбанистички проект и во друга проектна документација, согласно намената на градбите. Во согласност со класата на намена,

внатрешниот сообраќај е прилагоден на конкретните потреби и локацијата.

4.10 Нивелманско решение

Вертикалната поставка на планираните сообраќајни површини во рамките на проектниот опфат е условена со постојниот терен и истата е утврдена врз основа на **Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога за КО Сушица бр. 13-51/3 од 07.04.2022 година, изработен од Трговско друштво за геодетски работи „ Геосенс ССМ“ ДООЕЛ- Струмица, заверен во Агенцијата за катастар на недвижности бр. 1110-47/2022 од 17.05.2022 година**.

Котата на градбата и пристапот ќе се усогласат со нивелетата на постојниот локален пат и условите на теренот.

4.11 Основни водови на инфраструктура

4.11.1. Водоводна мрежа

Во текот на постапката за изработување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана, со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица, Општина Ново Село, по поднесено барање за издавање податоци и информации од Јавното комунално претпријатие надлежно за територијата на општината, издадени се податоци и информации од ЈПКД „Комуналев“ Струмица со бр.10-3102/2 од 03.06.2022 година и истите се произнесуваат дека немаат постоечка и планирана инфраструктура.

Проектното решение предвидува можност за водоснабдување да се користат подземни води (бунари) при што е неопходно експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои ќе се утврди квалитетот на водата и режимот на хранење на бунарите.

4.11.2 Фекална канализациона мрежа

Во текот на постапката за изработување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори -

фотоволтаична електрана, со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица, Општина Ново Село по поднесено барање за издавање податоци и информации од Јавното комунално претпријатие надлежно за територијата на општината, издадени се податоци и информации од ЈПКД „Комуналев" Струмица со бр.10-3102/2 од 03.06.2022 и истите се произнесуваат дека немаат постоечка и планирана инфраструктура.

Типот на градба не предвидува создавање на овој тип отпадни води, поради тоа не се предвидува изградба на канализациона мрежа.

4.11.3 Атмосферска канализациона мрежа

Во текот на постапката за изработување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана, со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица, Општина Ново Село по поднесено барање за издавање податоци и информации од Јавното комунално претпријатие надлежно за територијата на општината, издадени се податоци и информации од ЈПКД „Комуналев" Струмица со бр.10-3102/2 од 03.06.2022 и истите се произнесуваат дека немаат постоечка и планирана инфраструктура.

Атмосферските води се планира да се собираат во отворен бетонски канал кој го следат падот на теренот.

4.11.4 Електро-енергетска инфаструктура и објекти

Планираните градби со намена фотоволтаична централа за производство на електрична енергија и како такви не претставуваат потрошувачи на електрична енергија, поради што не се врши димензионирање и пресметки за потрошувачката.

Поврзувањето на комплексот со дитрибутивната мрежа ќе се изврши согласно соодветна техничка документација, во соработка и по обезбедено позитивно мислење од стручните служби на Електродистрибуција ДООЕЛ Македонија.

Со допис бр.10-23/5-156 од 08.06.2022 година, е потврдено дека во границите на проектниот опфат поминуваат два 10(20)kv надземни водови. Во однос на постојните 10(20) Кв далновод, инвентаризирани во графичките прилози од документационата основа на урбанистичко проектната донументација, истите ќе се дислоцираат со **Договор за дислокација бр.13-1550/3 од 18.08.2022 година**. Нивна дислокација е

означена во графичкиот прилог за инфраструктура приложен во урбанистичко проектната документација.

4.11.5 Телекомуникациска инфраструктура и објекти

Согласно Одговор на барање информации за ТК инсталации бр.1404-1622/2 од 03.06.2022 година од Агенцијата за електронски комуникации во проектниот опфат нема податоци за изградени нивни електронски комуникациски мрежи и системи.

Согласно Известување за постојни и планирани ТК инсталации бр. 43292 од 02.06.2022 година од Македонски Телеком АД Скопје, во границите на проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Поради тоа, како и поради карактерот на градбите, со предметниот урбанистички проект не се предвидува поставување на кабелска комуникациска инфраструктура.

4.11.6 Гасоводна инфраструктура

По поднесено барање за издавање податоци и информации (Е-урбанизам **бр.на постапка 43292**), не е обезбеден одговор во законски предвидениот рок од АД ГА-МА и АД за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост.

Според тоа, а и поради карактерот на градбите, со урбанистичкиот проект не се планира приклучување на комплексот на гасоводна мрежа.

Во случај на непогоди од пожар, како метод на гаснење и заштита од пожари на објектите во овој урбанистички проект се планира да се користат CO2 системи кои го гасат пожарот преку намалување на кислородот во просторот, а истовремено ги разредува и пареите или гасовите кои овозможуваат горење со пламен.

5. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Проектен опфат

Во согласност со одобрената **Проектна програма за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана, со капацитет поголем од 1MW во КО Сушица, Општина Ново Село** со Потврда за одобрување бр.21-3199/7 од 23.09.2022 година се определува проектен опфат со површина од од 6,4 ха, и истата се разликува од површината на проектниот опфат во овој урбанистички план поради нерешени имотно правни односи на сопствениците на земјиштето, и со таа цел се исфрла од опфат катастарската парцела КП 4105 и проектниот опфат се намалува. Проектниот опфат зафаќа површина од 6,3 ха или 63283,02 м2.

Класа на намена

Се определува класа на намена **Е1.13 – Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана**. Во комплексот се планираат комплементарни намени односно намени што во една градежна парцела и една градба ја дополнуваат и служат исклучиво за функционирање на основната намена.

Површина за градење

Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се одредува површината од градежно земјиште односно делот од градежната парцела кој се предвидува за градење на градба. Со урбанистичкиот проект се предвидуваат површини за изградба на следните градби:

- фотоволтаични панели од **47,691.42m²**;
- трансформаторски станици од **256.10m²;**
- бунар од **62.59m².**

На овој начин се определува површина за градење за наведените градби од **48,010.11m²** која влегува во **рамковната површинаопределена за градење од 54,382.33m²**.

Вкупна изградена површина

Вкупно изградената површина определена со урбанистичкиот проект изнесува **48,010.11m²** во рамки на која со идејниот проект се уредуваат градби со изградена површина од **48,010.11m².**

Максималната височина на градбата

Со предметниот урбанистички проект предвидена е максималната височина од **4** и **катност од П (приземје).**

Вид на покрив

Не се предвидуваат детални услови за проектирање на покрив.

Процент на изграденост на земјиштето

Процент на изграденост на земјиштето како урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост е пресметан како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Со предметниот урбанистички проект процентот на изграденост на утврдената градба изнесува **77,57 %.**

Коефициент на искористеност на земјиштето

Коефициент на искористеност на земјиштето (К) како урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште е пресметан како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште. Со предметниот урбанистички проект коефициентот на искористеностна земјиштето изнесува **0,78%**.

Урбано зеленило и партер

Неизградениот простор се предвидува да се уреди со ниско и високо зеленило. Согласно Член 20 од Законот за урбано зеленило (СЛ. Весник на РМ бр.11/18 и 42/20) потребно е да се обезбеди најмалку 20% зеленило на ниво на терен и под кое нема градба. Со предметниот урбанистичи проект, обезбедени се **20.20%** зеленило во рамки на

градежната парцела. Пристапните комуникации помеѓу соларните панели се предвидува да бидат тмпонрани.

Стационарен сообраќај и сообраќајна инфраструктура

Колски пристап во градежната парцела ГП 2 од предметниот урбанистички проект, е обезбеден преку локалниот пат, односно од КП 5614 со катастарска култура „јавен пат“ која тангира со источната граница на проектниот опфат и воедно го поврзува проектниот опфат со селото Сушица, како и преку КП 5613 со катастарска култура „јавен пат“ која тангира со западната граница на проектниот опфат. Со предметниот урбанистички проект предвидени се четири паркинг места за автомобили. Потребниот број на паркинг места е утврден врз основа на анализа на потребите при што е утврдено дека во рамки на проектниот опфат не се очекува фреквенција на возила.

Внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај се планира во рамките на градежна парцела со двонасочна асфалтирана сообраќајница со соодветна широчина на коловозни ленти за движење на лесни возила.

СООБРАЌАЈНИ ПРОФИЛИ

ПРЕСЕК 1-1 - Внатрешна улица „УЛ 1“

ПРЕСЕК 2-2 - Внатрешна улица „УЛ 2“

Инфраструктурни водови и градби

Водоводна и канализациона инфраструктура

Според добиените податоци од јавното комунално претпријатие во рамките на проектниот опфат и во негова близина нема комунална инфраструктура, односно нема постоечки и планирани подземни инсталации на водоводна и канализациона мрежа. Со оглед на типот на новопланираните објекти не се планира канализациона мрежа, а заради потребата за чистење на ФВ модулите, се предвидува снабдување со вода од сопствен бунар во рамки на проектниот опфат.

Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користење да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои ќе се дефинира режимот на хранење на бунарот. Еден од основните приоритети на заштитата на животната средина е заштита на квалитетот на подземните и површинските води. За таа цел потребно:

- Изградба на сепарациски и канализациски систем во границите на планскиот опфат,
- Третман на отпадните води и нивно испуштање во реципиентот одкако квалитетот ќе биде доведен во согласност со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води“.

Атмосферска канализација

Целокупната атмосферска вода целосно ќе се прифати во отворен бетонски риголи и ќе биде одведена до најблискиот реципиент, водениот тек во близина на опфатот. Диспозицијата на бетонскиот канал може да биде променета, согласно потребите и условите на лице место, како и неговите параметри дадени во Графичките прилози од урбанистичкиот проект.

Електро-енергетска инфаструктура

Поврзувањето на комплексот со дитрибутивната мрежа ќе се изврши согласно соодветна техничка документација, во соработка и по обезбедено позитивно мислење од стручните служби на

Електродистрибуција ДООЕЛ Македонија.

Низ планскиот опфат поминуваат два воздушни среднонапонски далеководи - 10(20) Кв, согласно добиените податоци и информации од ЕВН бр.10-23/5-156 од 08.06.2022 година. Поради нарушување на континуитетот во границите на проектниот опфат, како и негово пресекување со надземната мрежа, доставено барање за дислокација до ЕВН со цел трасата на надземната електрична мрежа да се дислоцира вон границите на проектниот опфат. Со ЕВН е постигнат договор за дислокација на надземната мрежа, бр.13-1550/3 од 18.08.2022 година со која согласно графичките прилози на договорот а и парцелите кои делумно се наведени во договорот целосно се дислоцираат надвор од границите на проектниот опфатат и не се пресекуваат со истиот. На урбанистичко-проектното решение е дадено позитивно мислење од ЕВН бр.10-55/5-78 од 16.11.2022 година.

Приклучувањето на објектот на дистрибутивната електроенергетска мрежа се врши во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија. По направена првична анализа, нема можност за приклучок на производителот на постојната дистрибутивна мрежа.

При планирање, согласно пресметките за потребната едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и сл. препорачуваме да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена, дефинирана градежна парцела.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

Гасоводна инфраструктура

Во непосредна близина на проектниот опфат нема постојна и планирана гасоводна мрежа и соодветно на тоа, не е предвидено градбите во предметниот проектен опфат да се приклучат на гасоводна мрежа, ниту е таква потреба утврдена.

Телекомуникациска инфраструктура

Во непосредна близина на проектниот опфат нема постојна телекомуникациска мрежа во сопственост на Македонски Телеком АД и АЕК. Не се предвидуваат услови за реализација на телекомуникациска инфраструктура.

Доколку при реализација на Урбанистичкиот проект потребни се одредени измени на Идејниот проект или е потребно усогласување на Идејниот проект со Законот за градење, се изработува нов Идеен проект во согланост со урбанистичките параметри на овој урбанистички проект и законската регулатива од областа на градењето.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА - НАМЕНИ			
Бр.	**Опис на површини**	**P (m²)**	**%**
1	**Проектен опфат**	**63,283.01**	**100.0%**
2	**E1.13 - површинска фотонапонска електроцентрала до 6107.815kWp**	61,889.65	97.8%
3	**Сообраќајна инфраструктура**	1393.36	2.2%

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА ВО ГП 2				
1	**ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ**	**100%**	**63283.01**	**m²**
2	Сообраќајна инфраструктура	2.20%	1393.36	**m²**
3	Класа на намена:E1.13 -Површинска фотонапонска електоцентрала до 10KW	97.80%	61889.65	**m²**
4	Површина на градежна парцела	61889.65		**m²**
5	Рамковна површина за градење	54382.33		**m²**

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА ВО ГП 2				
1	**ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ**	**100%**	**63283.01**	**m²**
2	Сообраќајна инфраструктура	2.20%	1393.36	**m²**
3	Класа на намена:E1.13 -Површинска фотонапонска електоцентрала до 10KW	97.80%	61889.65	**m²**
4	Површина на градежна парцела	61889.65		**m²**
	РАМКОВНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	54382.33		**m²**
5	Максимана површина за градба во приземје	48010.11		**m²**
6	Вкупно изградена бруто површина	48010.11		**m²**
7	Максимален процент на изграденост	77.57%		
8	Максимален коефициент на искористеност	0.78		
9	Процент на озеленетост во ГП	20.15%		

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНИРАНИТЕ ГРАДБИ ВО ГП 2											
класа на намена	ознака на градежна парцела	површина на проектен опфат	површина на градежна парцела	ознака на површина за градба во ГП	опис на градба	спратност	максимална висина	максимална површина за градба во приземје	вкупно изградена бруто површина	максимален процент на изграденост	коефициент на искористеност
		m2	m2				m'	m²	m²	ПИ (%)	КИ
Е1.13 - површинска фотонапонска електроцентрала над 1 MW	2	63,283.01	61,889.65	1.1	ТС	П	4	163.31	163.31	0.00	0.00
				1.2	ФЕЦ	П	4	5,073.56	5,073.56	0.08	0.08
				1.3	ФЕЦ	П	4	34,956.96	34,956.96	0.56	0.56
				1.4	ТС	П	4	92.79	92.79	0.00	0.00
				1.5	ФЕЦ	П	4	7,660.90	7,660.90	0.12	0.12
				1.6	БУНАР	П	3	62.59	62.59	0.00	0.00
ВКУПНО:								48010.11	48010.11	77.57%	0.78

ЗЕЛЕНИЛО ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА			
Бр.	**Опис на површини**	**P (m²)**	**%**
1	Градежна парцела	61,889.65	100.0%
2	Зеленило вон Рамковна ГЛ	6,037.00	
3	Зеленило во Рамковна ГЛ	6,438.39	
ВКУПНО:		12,475.39	20.2%

ТАБЕЛА СО БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЈНА И ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА				
Постојна состојба	**Намена / опис на површини**		**P (m²)**	**%**
	Проектен опфат		**63,283.01**	**100.0%**
	1	**Неизградено земјиште**	61,889.65	97.8%
	2	постоен земјен пат	1,393.36	2.2%
Планирана состојба	**Намена / опис на површини**		**P (m²)**	**%**
	Проектен опфат		**63,283.01**	**100.0%**
	1	**Е1.13 - површинска фотонапонска електроцентрала до 10 MW**	61,889.65	97.8%
	2	**Е1 - Сообраќајна инфраструктура**	1,393.36	2.2%

Andrej Lazarov

Digitally signed by Andrej Lazarov
Date: 2022.12.16 11:55:49 +01'00'

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 2 СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

M=1:1000



ЛЕГЕНДА:

Граница на проектен опфат, P=6.33Ха

Граница на наменска зона

КЛАСА НА НАМЕНА

E1.13 Рамковна површина за градење

2 Ознака (број) на градежна парцела

СООБРАЌАЈ

Земјен пат - постоен

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА - НАМЕНИ

Бр.	Опис на површини	P (m²)	%
1	**Проектен опфат**	**63,283.01**	**100.0%**
2	**E1.13 - површинска фотонапонска електроцентрала до 6107.815kWp**	61,889.65	97.8%
3	**Сообраќајна инфраструктура**	1393.36	2.2%

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЈНА И ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА

		Намена / опис на површини	P (m²)	%
Постојна состојба		**Проектен опфат**	**63,283.01**	**100.0%**
	1	**Неизградено земјиште**	61,889.65	97.8%
	2	постоен земјен пат	1,393.36	2.2%
Планирана состојба		**Намена / опис на површини**	**P (m²)**	**%**
		Проектен опфат	**63,283.01**	**100.0%**
	1	**E1.13 - површинска фотонапонска електроцентрала до 10 MW**	61,889.65	97.8%
	2	**E1 - Сообраќајна инфраструктура**	1,393.36	2.2%

ПЛАНЕРСКА ФИРМА: Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги "ЕВРО - ДЕКОР" ДОО увоз - извоз "ОХРИДСКА" БР. 82, КОЧАНИ **УПРАВИТЕЛ:** Андреј Лазаров **БРОЈ НА ЛИЦЕНЦА:** 101 (од 19.03.2018г.)	**НАЗИВ НА ПРОЕКТ:** **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 2 СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА, ОПШТИНА НОВО СЕЛО**	**КАТАСТАРСКА ОПШТИНА:** КО СУШИЦА **АДМИНИСТРАТИВНА ОПШТИНА:** ОПШТИНА НОВО СЕЛО **ОДОБРУВАЧ:** МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ	**ТЕХНИЧКИ БРОЈ:** 04 - 09 / 2022 **РАЗМЕР:** 1:1000 **ДАТУМ:** ДЕКЕМВРИ, 2022 **МЕСТО:** СКОПЈЕ
ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР: Андреј Лазаров, дипл. инж. арх. **СОРАБОТНИК:** Кристина Делева, м-р. инж. арх.	**ПРИЛОГ:** УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТЕН ОПФАТ ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ		**РЕДЕН БРОЈ:** 01

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 2 СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

M=1:1000

ЛЕГЕНДА:

- Граница на проектен опфат, P=6.33Ха
- ГЛ — Градежна линија - рамковна површина за градење
- ГГП — Граница на градежна парцела
- РЛ — Регулациона линија
- Влез во ГП

КЛАСА НА НАМЕНА

- Е1.13 — Рамковна површина за градење
- 2 — Ознака (број) на градежна парцела
- ГП 2 — Ознака на градежна парцела
- Е1.13 — Намена
- H=4m — Максимална висина
- П — Катност

СООБРАЌАЈ

- Земјен пат - постоен
- Е1 — Тампониран пат - во проектен опфат

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА ВО ГП 2				
1	**ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ**	**100%**	**63283.01**	**m²**
2	Сообраќајна инфраструктура	2.20%	1393.36	**m²**
3	Класа на намена:Е1.13 -Површинска фотонапонска електоцентрала до 10KW	97.80%	61889.65	**m²**
4	Површина на градежна парцела	61889.65		**m²**
5	Рамковна површина за градење	54382.33		**m²**

ПЛАНЕРСКА ФИРМА: Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги **"ЕВРО - ДЕКОР" ДОО увоз - извоз** "ОХРИДСКА" БР. 82, КОЧАНИ

УПРАВИТЕЛ: Андреј Лазаров

БРОЈ НА ЛИЦЕНЦА: 101 (од 19.03.2018г.)

НАЗИВ НА ПРОЕКТ: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 2 СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

КАТАСТАРСКА ОПШТИНА: КО СУШИЦА

АДМИНИСТРАТИВНА ОПШТИНА: ОПШТИНА НОВО СЕЛО

ОДОБРУВАЧ: МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 04 - 09 / 2022

РАЗМЕР: 1:1000

ДАТУМ: ДЕКЕМВРИ, 2022

МЕСТО: СКОПЈЕ

ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР: Андреј Лазаров, дипл. инж. арх.

СОРАБОТНИК: Кристина Делева, м-р. инж. арх.

ПРИЛОГ: УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТЕН ОПФАТ РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН И РАМКОВНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ

РЕДЕН БРОЈ: 02

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 2 СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

M=1:1000



НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНИРАНИТЕ ГРАДБИ ВО ГП 2											
класа на намена	ознака на градежна парцела	површина на проектен опфат	површина на градежна парцела	ознака на површина за градба во ГП	опис на градба	спратност	максимална висина	максимална површина за градба во приземје	вкупно изградена бруто површина	максимален процент на изграденост	коефициент на искористеност
		m2	m2				m'	m²	m²	ПИ (%)	КИ
Е1.13 - површинска фотонапонска електроцентрала над 1 MW	2	63,283.01	61,889.65	1.1	ТС	П	4	163.31	163.31	0.00	0.00
				1.2	ФЕЦ	П	4	5,073.56	5,073.56	0.08	0.08
				1.3	ФЕЦ	П	4	34,956.96	34,956.96	0.56	0.56
				1.4	ТС	П	4	92.79	92.79	0.00	0.00
				1.5	ФЕЦ	П	4	7,660.90	7,660.90	0.12	0.12
				1.6	БУНАР	П	3	62.59	62.59	0.00	0.00
ВКУПНО:								48010.11	48010.11	77.57%	0.78

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА ВО ГП 2				
1	ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	100%	63283.01	m²
2	Сообраќајна инфраструктура	2.20%	1393.36	m²
3	Класа на намена:Е1.13 -Површинска фотонапонска електроцентрала до 10KW	97.80%	61889.65	m²
4	Површина на градежна парцела		61889.65	m²
	РАМКОВНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ		54382.33	m²
5	Максимална површина за градба во приземје		48010.11	m²
6	Вкупно изградена бруто површина		48010.11	m²
7	Максимален процент на изграденост		77.57%	
8	Максимален коефициент на искористеност		0.78	
9	Процент на озеленетост во ГП		20.15%	

ЛЕГЕНДА:

- Граница на проектен опфат, P=6.33Ха
- ГЛ — Градежна линија - рамковна површина за градење
- ГГП — Граница на градежна парцела
- РЛ — Регулациона линија
- 2 Ознака (број) на градежна парцела
- 2.1 Ознака (број) на градежна парцела
- ГП 2 Ознака на градежна парцела
- E1.13 Намена
- H=4m Максимална висина
- П Катност
- Влез во ГП
- ЗЕЛЕНИЛО ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА- НИСКО ЗЕЛЕНИЛО

ЛЕГЕНДА ЗА КЛАСА НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

- Е — ИНФРАСТРУКТУРИ
  - Е-1.0 — СООБРАЌАЈНА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА - ТАМПОНИРАНА ПОВРШИНА
  - Е 1 — СООБРАЌАЈНА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА - ПОСТОЕН ЗЕМЈЕН ПАТ
  - Е 1.5 — ИНФРАСТРУКТУРИ ВО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО - БУНАР
  - Е 1.8 — ТРАНСФОРМАТОРСКИ СТАНИЦИ И ПОДСТАНИЦИ
  - Е 1.13 — ПОВРШИНСКА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА

4ф

ПЛАНЕРСКА ФИРМА: Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги "ЕВРО - ДЕКОР" ДОО увоз - извоз "ОХРИДСКА" БР. 82, КОЧАНИ	НАЗИВ НА ПРОЕКТ: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 2 СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА, ОПШТИНА НОВО СЕЛО	КАТАСТАРСКА ОПШТИНА: КО СУШИЦА АДМИНИСТРАТИВНА ОПШТИНА: ОПШТИНА НОВО СЕЛО	ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 04 - 09 / 2022 РАЗМЕР: 1:1000
УПРАВИТЕЛ: Андреј Лазаров БРОЈ НА ЛИЦЕНЦА: 101 (од 19.03.2018г.)		ОДОБРУВАЧ: МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ	ДАТУМ: ДЕКЕМВРИ, 2022 МЕСТО: СКОПЈЕ
ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР: Андреј Лазаров, дипл. инж. арх. СОРАБОТНИК: Кристина Делева, м-р. инж. арх.	ПРИЛОГ: ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ СО ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ И ПОВРШИНИ ЗА ЗЕЛЕНИЛО ВО ПРОЕКТЕН ОПФАТ		РЕДЕН БРОЈ: 03

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 2 СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

M=1:1000



ЛЕГЕНДА:

- Граница на проектен опфат, P=1.79Ха
- ГЛ — Градежна линија - рамковна површина за градење
- ГГП — Граница на градежна парцела
- РЛ — Регулациона линија
- 2 — Ознака (број) на градежна парцела
- 2.1 — Ознака (број) на градежна парцела
- ГП 2 — Ознака на градежна парцела
- E1.13 — Намена
- H=4m — Максимална висина
- П — Катност
- Влез во ГП
- 0.24% 64m — Нивелман
- 222.96 — Висинска кота
- Паркинг место
- R11.9 — Радиус на хоризонтална кривина

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- 110 кв надземен далековод со заштитен појас - 20m
- ТС — Симбол за планирана трансформаторска станица со ККО - 3100kVA
- ИТС — Симбол за планирана инвертер трансформаторска станица - **6000kwe**
- Планиран ЕЕ кабелски вод
- Кабелски вод (PP00-A 4x150mm2)
- Одводен атмосверски канал - правоаголен профил 05-03м
- бунар — Водоснабдувачки бунар
- ЗЕЛЕНИЛО ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА - НИСКО ЗЕЛЕНИЛО

СООБРАЌАЈНИ ПРОФИЛИ

ПРЕСЕК 1-1 - Внатрешна улица „УЛ 1"

ПРЕСЕК 2-2 - Внатрешна улица „УЛ 2"

ЛЕГЕНДА ЗА КЛАСА НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

- **E** — ИНФРАСТРУКТУРИ
  - **E 1** — СООБРАЌАЈНА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА - ТАМПОНИРАНА ПОВРШИНА
  - **E 1** — СООБРАЌАЈНА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА - ПОСТОЕН ЗЕМЈЕН ПАТ
  - **E 1.5** — ИНФРАСТРУКТУРИ ВО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО - БУНАР
  - **E 1.8** — ТРАНСФОРМАТОРСКИ СТАНИЦИ И ПОДСТАНИЦИ
  - **E 1.13** — ПОВРШИНСКА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА - НАМЕНИ

Бр.	Опис на површини	P (m²)	%
1	Проектен опфат	63,283.01	100.0%
2	E1.13 - површинска фотонапонска електроцентрала до 6107.815 kWp	61,889.65	97.8%
3	Сообраќајна инфраструктура	1393.36	2.2%

ПЛАНЕРСКА ФИРМА: Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги "ЕВРО - ДЕКОР" ДОО увоз - извоз "ОХРИДСКА" БР. 82, КОЧАНИ; УПРАВИТЕЛ: Андреј Лазаров; БРОЈ НА ЛИЦЕНЦА: 101 (од 19.03.2018г.)	НАЗИВ НА ПРОЕКТ: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 2 СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА, ОПШТИНА НОВО СЕЛО	КАТАСТАРСКА ОПШТИНА: КО СУШИЦА; АДМИНИСТРАТИВНА ОПШТИНА: ОПШТИНА НОВО СЕЛО; ОДОБРУВАЧ: МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ	ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 04 - 09 / 2022; РАЗМЕР: 1:1000; ДАТУМ: ДЕКЕМВРИ, 2022; МЕСТО: СКОПЈЕ
ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР: Андреј Лазаров, дипл. инж. арх.; СОРАБОТНИК: Кристина Делева, м-р. инж. арх.	ПРИЛОГ: СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА		РЕДЕН БРОЈ: 04

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 2 СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

M=1:1000

ЛЕГЕНДА:

- Граница на проектен опфат, P=6.33Xa
- ГЛ — Градежна линија - рамковна површина за градење
- ГГП — Граница на градежна парцела
- РЛ — Регулациона линија
- 2 — Ознака (број) на градежна парцела
- 2.1 — Ознака (број) на градежна парцела
- ГП 2 — Ознака на градежна парцела
- E1.13 — Намена
- H=4m — Максимална висина
- П — Катност
- Влез во ГП

ЛЕГЕНДА ЗА КЛАСА НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

- НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
- ВНАТРЕШНА ТАМПОНИРАНА УЛИЦА
- ПОСТОЕН ЗЕМЈЕН ПАТ

ЗЕЛЕНИЛО ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

Бр.	Опис на површини	P (m²)	%
1	Градежна парцела	61,889.65	100.0%
2	Зеленило вон Рамковна ГЛ	6,037.00	
3	Зеленило во Рамковна ГЛ	6,438.39	
	ВКУПНО:	12,475.39	20.2%

ПЛАНЕРСКА ФИРМА: Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги "ЕВРО - ДЕКОР" ДОО увоз - извоз "ОХРИДСКА" БР. 82, КОЧАНИ	НАЗИВ НА ПРОЕКТ: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 2 СО НАМЕНА Е-1.13 - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1 MW, КО СУШИЦА, ОПШТИНА НОВО СЕЛО	КАТАСТАРСКА ОПШТИНА: КО СУШИЦА АДМИНИСТРАТИВНА ОПШТИНА: ОПШТИНА НОВО СЕЛО	ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 04 - 09 / 2022 РАЗМЕР: 1:1000
УПРАВИТЕЛ: Андреј Лазаров БРОЈ НА ЛИЦЕНЦА: 101 (од 19.03.2018г.)		ОДОБРУВАЧ: МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ	ДАТУМ: ДЕКЕМВРИ, 2022 МЕСТО: СКОПЈЕ
ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР: Андреј Лазаров, дипл. инж. арх. СОРАБОТНИК: Кристина Делева, м-р. инж. арх.	ПРИЛОГ: УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПРОЕКТЕН ОПФАТ		РЕДЕН БРОЈ: 05